КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-11/1
29.03.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 29.03.2023 година, донесе

**Одлука**
**за измени и дополнувања на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-960-786 од 05.02.2001 година, Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на Банката бр.02-950-7519 од 05.04.2001 година, Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на Банката бр.02-950-15883 од 23.07.2001 година, Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Банката бр.02-1600-11319 од 23.03.2005 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-1600-11958 од 22.03.2006 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-1600-47504 од 20.11.2007 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-1600-12884 од 25.03.2008 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-1600-13300 од 24.03.2010 година и Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-1600-11 од 23.03.2011 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-1600-10/1 од 27.03.2013 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-190-1/1 од 05.04.2017 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-190-9/1 од 04.04.2018 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-190-9/1 од 04.04.2019 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-190-10/1 од 29.03.2021 година, Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје бр.02-190-9/1 од 30.03.2022 година, во Пречистениот текст на Статутот бр.02-180-48/1 од 01.04.2022 година, во член 2, став 2 зборовите "Орце Николов" се менуваат со зборовите "Васил Иљоски".

**Член 2**

Во член 107, по став 3 се додава нов став и гласи:

"Со Одлуката за именување членови на Одборот за надгледување на информативна технологија се именуваат и заменици членови кои се вработени во организационите единици од областа на сигурност на ИКТ, сигурност на информативниот систем, управување со мрежата на филијали, платежни услуги и системи во земјата, работа со население и ИТ ревизија, а ги заменуваат членовите во нивно отсуство."

Редоследот на последователните ставови соодветно се менува.

Во истиот член, во став 6, по зборот "членовите" се додаваат зборовите "и на замениците членови".

**Член 3**

Во член 127, по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"Процесите на управување со информативната сигурност во Банката и заштита на личните податоци исто така се дел од Самостојната Дирекција за

контрола на усогласеност на работењето на Банката и спречување перење пари. Управувањето со сигурноста на информативниот систем опфаќа планирање, развој и спроведување на стратегија за управување со информативната технологија, обезбедување непрекинатост во работењето, како и сигурносни правила во однос на системите за современи канали и друштвата за услуги на банката за информативниот систем. За таа цел, Банката врши: оценка на ризикот што во себе вклучува оценка на ризикот за информативната сигурност и оценка на ризикот од нападите од дигиталниот простор; спроведување на сигурносни контроли; тестирање на сигурноста и тестирање на отпорноста на системите од напади од дигиталниот простор; следење и надградба на воспоставениот систем и поделба на надлежностите на органите на банката од аспект на управувањето со сигурноста на информативниот систем. Процесот на заштита на личните податоци опфаќа документирани политики, процедури, насоки, кои се во функција на обработка на личните податоци во согласност со основните законски принципи и целите на обработка од страна на овластени лица во Банката. Процесот подразбира и спроведување на технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци, соодветни на ризикот произлезен од спроведена проценка на ризици и проценка на влијание врз слободите и правата на субјектите на лични податоци, како и следење на обработката на личните податоци и вршење на редовни контроли на обработката.“

**Член 4**

Се овластува Управниот одбор на Банката до Народната банка на Република Северна Македонија да поднесе Барање за согласност за оваа Предлог-одлука.

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнувања на оваа одлука на барање на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Член 5**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила по нејзиното усвојување од страна на Собранието на Банката и по добивањето согласност за измена и дополнување на Статутот на Банката од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**
**Илија Гечев**